# Општина Карпош
# Н е д е л е н
# Е - Б и л т е н

Изготвува: Одделение за односи со јавност

## КУМАНОВЦИ ГО ОСВОИЈА ГОДИНЕШНИОТ „СОКОЛ“

**„Дали Пом“ (Куманово) е годинешниот освојувач на трофејот на „Сокол“. Имено, XIV-тиот турнир во мал фудбал „Сокол 2011“ заврши со спектакуларен огнометкој истовремено го означи и почетокот на подготовките за наредната 15-та јубилејна година во која „Сокол“ ќе ги пречека сите учесници како прв Меѓународен турнир во мал фудбал во Македонија. Оваа година турнирот го крунисапрекрасната завршница во која стигнаа четири најдобри екипи, кои си ги одмерија силите во полуфиналето и тоа: „Дали Пом“ (Куманово) – „Сук Импекс“ (Скопје) 2:0 „Црна Река“ (Кавадарци) – „Жито маркети“ (Велес) 5:4. Во пресметката за третото место меѓу „Сук Импекс“ (Скопје) – „Жито маркети“ (Велес) 1:0 поуспешно беа скопјаните и заслужено се најдоа на пиедесталот.**




**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

3-7 Октомври 2011 Билтен Бр. 2

Сепак, најсилен впечаток и најмногу адреналин имаше во големото финале, во кое последната битка ја биеја „Дали Пом“ (Куманово) – „Црна Река“ (Кавадарци) 6:0. Иако полесно од очекуваното поуспешни беа кумановците (екипа составена од неколку фудбалски репрезентативци) и со тоа се закитија со сите почести кои ги носи првото место на најголемиот турнир во мал фудбал во Македонија „Сокол 2011“ , сепак беше убаво да се учествува на завршницата на оваа фудбалска манифестација. Инаку, конечниот распоред на врвот на XIV-тиот по ред турнир во мал фудбал „Сокол“ беше: **1 место: „Дали Пом“ (Куманово), 2 место: „Црна река“ (Кавадарци), 3 место: „Сук Импекс“ (Скопје)** Најфер плеј-екипа „Жито маркети“ (Велес) Најдобар играч – Зоран Левески („Дали Пом“) Најдобар стрелец – Драган Петровиќ „Дали Пом“ Најталентиран млад играч – Драган Петровиќ „Дали Пом“ Најдобар голман – Берат Јакупи „Сук Импекс“. Оваа година за прв пат во рамките на турнирот „Сокол“ се одржа и „Јуниор куп“ на кој настапија дечиња до 12 години и кои одиграа прекрасни натпревари за времетраењето на целиот турнир, а беа вистински шлаг на тортата на последиот ден. Во малото финале се сретнаа екипите на „Петлиња“ и „Форца“ каде што поуспешни беа „Петлиња“ и заслужено го освоија провото место на „Јуниор купот Сокол 2011“.

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

## ЧЕСТИТКИ ЗА ДЕНОТ НА УЧИТЕЛИТЕ И ЗА ДЕТСКАТА НЕДЕЛА ( 5-ти Октомври )

**Со желба за безбедно и безгрижно детство, исполнето со многу радост и песна, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски им ја честиташе детската недела на дечињата од градинката „Орце Николов“ а на сите нивни воспитувачи, негуватели и наставници им го честиташе 5 октомври Светскиот ден на учителите, истакнувајќи го значењето на нивната работа во општеството, но и во секојдневниот живот и иднината на младите поколенија.**



**Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски на сите воспитувачи, негуватели и наставници им го честиташе 5 октомври Светскиот ден на учителите.**

**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко 6.6**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

3-7 Октомври 2011 Билтен Бр. 2

**Со желба за безбедно и безгрижно детство, исполнето со многу радост и песна, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски им ја честиташе детската недела на дечињата од градинката „Орце Николов“ а на сите нивни воспитувачи, негуватели и наставници им го честиташе 5 октомври Светскиот ден на учителите, истакнувајќи го значењето на нивната работа во општеството, но и во секојдневниот живот и иднината на младите поколенија.**





**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко 6.6**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# Донација на прва помош и противпожарни апарати





Општина Карпош, во сите основни училишта и детски градинки на нејзиното подрачје, ќе донира 35 комплета нови ормани за прва медицинска помош целосно опремени со медицински материјал и 35 противпожарни апарати. Донацијата е обезбедена со финансиски средства од буџетот на Општината, во висина од 200.000 денари, и е заснована врз барањата на Законот за заштита и спасување, со цел за квалитетно овозможување на прва медицинска помош и противпожарна заштита во посебни пригоди кога за тоа ќе се укаже потреба.

Општина Карпош
ул.Демир Трајко 6.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

3-7 Октомври 2011 Билтен Бр. 2

Исто така, Општина Карпош почна со замена на старите и дотраени противпожарни апарати (постари од 25 години) во основните училишта и детските градинки.





Во првата фаза се набавени нови 35 противпожарни апарати за оние места каде што се најнеопходни, односно први кои ќе се заменат се оние што ги посочи овластената фирма за противпожарна заштита, а во наредните години постепено ќе се заменат сите дотраени апарати. Поради дотраеност се набавени и пет комплета хидрантски црева со млазница кои исто така ќе се донираат во институциите каде што за тоа има најнужна потреба.

Општина Карпош
ул.Демир Трајко 6.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

## ОБЈАВЕНИ ЧЕТИРИ НАЦРТ-ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНА

**Детален урбанистички план за Урбан Блок Карпош 3, “Трговско спортски центар“, дел од УБ 1 и УБ 3, Општина Карпош, Скопје.**



**Детален урбанистички план за ГП 1.14 од ДУП за дел од Тафталице 1 Тафталице 30, УБ 1 (Гимназија Георѓи Димитров) КП 2773 КО Карпош, Општина Карпош,**



**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**



**Детален урбанистички план за ГП 9.6 ДУП Тафталице 2 Северен дел Основно училиште “Братство”, Општина Карпош, Скопје.**



**Детален урбанистички план за дел од локалитет Момин Поток, Општина Карпош, Скопје.**



**Општина Карпош**
**ул.Демир Трајко б.б**
**www.karpos.gov.mk**
**gradonacalnik@karpos.gov.mk**

# Бесплатно мерење на очниот притисок за граѓаните на Општина Карпош

Во рамките на стратегијата за превентивна грижа за видот и здравјето на очите, „Систина – Офталмологија“ продолжи со своите хуманитарни активности. Интернационалниот клуб „Добредојде Македонија“ (Macedonia Welcome Centar) кој се наоѓа и дејствува на територијата на општина Карпош, заедно со „Систина – Офталмологија“ организираше акција за бесплатно мерење на очниот притисок, како и давање совети за грижа на видот. Оваа хуманитарна акција која е континуитет на превентивната грижа за видот и здравјето на очите на луѓето во општина Карпош се одржа на 1 октомври од 9.00 до 16.00 часот.





Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

3-7 Октомври 2011 Билтен Бр. 2

Околу 160 граѓани добија бесплатно мерење на очниот притисок и проверка на видната функција од страна на медицинската екипа на „Систина – Офталмологија“. Од прегледаните пациенти кои беа на возраст над 45 години, околу 20% им се утврдија вредности на висината на очниот притисок, кои бараат итна или задолжителна контрола и посета кај специјалист офталмолог, 10% од пациентите имаа веќе дијагностицирани проблеми со очите со кои истите веќе беа запознаени и добија совети за понатамошно лекување и хируршко решавање на болестите. На останатиот дел од пациентите им беше утврдено нарушување на видната функција и беа информирани како и со какви оптички помагала можат да си го подобрат секојдневното живеење.





Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk

# Општина Карпош и “Ботичели Арт”

Үчениците од основните училишта кои се на територијата на општина Карпош, на возраст од петто до осмо одделение повторно ќе се едуцираат од областа на компјутерската графика и дигиталната уметност (фотошоп, компјутерска графика и сл.)

Часовите официјално ќе започнат од 14 октомври и ќе се одржуваат во ОУ „Христијан Тодоровски-Карпош“. Како што беше практика и во минатиот период – часовите ќе бидат бесплатни.

Истовремено, ќе започне со работа и работилницата за работа со керамика и керамички дизајн, таа ќе функционира во просториите на ОУ „Димо Хаџи Димов“.





Општина Карпош
ул.Демир Трајко б.б
www.karpos.gov.mk
gradonacalnik@karpos.gov.mk